

*Иван Дамјановски*

# Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2017)

*Март 2018*

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Konrad Adenauer Stiftung

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Konrad Adenauer Stiftung



*Иван Дамјановски*

Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2017)

*Март 2018*

*Гледиштата изразени во овој извештај се на авторите
и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата
Конрад Аденауер и Институтот за демократија
"Социетас Цивилис" - Скопје.*

# ИМПРЕСУМ

**Наслов:** Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2017)

**Издавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис" - Скопје

**Автор:** Иван Дамјановски

**Лектура:** Винета Огненоска

**Дизајн и подготовка:** Владимир Барлакоски

*Публикацијата може бесплатно да се преземе на:*
*http://www.kas.de/mazedonien/mk*
*http://www.idscs.org.mk*

# АНАЛИЗА НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА МАКЕДОНСКИОТ ПРОЦЕС НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА (2014-2017)

Автор: Иван Дамјановски

## ЗАКЛУЧОЦИ

» Повеќегодишниот опаѓачки тренд на поддршка за членство на Македонија во Европската Унија (ЕУ) продолжува и во 2017 година;

» Поддршката за членство, сè уште, е висока и релативно отпорна на негативните ефекти на долгогодишната криза во државата;

» Позитивните сигнали во втората половина од 2017та година, манифестирани преку политичката стабилизација во државата и зајакнатиот интерес за интензивирање на пристапниот процес во регионот од страна на ЕУ, не успеваат да го спречат падот во поддршката;

» Трендот на растечки расцепи во поддршката помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци се манифестира и во 2017;

» Јавното мислење е поларизирано околу проценката на спремноста на Македонија за членство во ЕУ;

» Разрешувањето на политичката криза и декларираната приоритетност на евроинтеграцискиот процес во владината политика во 2017 година имаат

минимално позитивно влијание врз перцепциите околу напредокот во пристапниот процес;

» Ентузијазмот околу напредокот на Македонија во пристапниот процес е во благ пораст во споредба со претходната година;

» Мнозинство од популацијата смета дека Македонија забележала минимален или никаков напредок во пристапниот процес во изминатата година;

» Неостварувањето на домашните реформи и пречките од соседните држави членки на ЕУ се перцепираат како главни причини што Македонија сѐ уште не е дел од ЕУ;

» Мнозинство од граѓаните во Македонија неуспехот да се влезе во ЕУ повеќе го асоцираат со негативно влијание на надворешно-политички фактори, отколку надостаток на реформи во домашната политичка арена;

» 20% од популацијата смета дека Македонија никогаш нема да влезе во ЕУ;

» Економските и материјалните параметри уште повеќе ја зајакнуваат улогата на клучни обликувачи на јавната поддршка за членство на Македонија во ЕУ;

» Половина од популацијата во Македонија го поддржува членството во ЕУ поради очекувања за унапредување на животниот стандард, како придобивка од процесот на европска интеграција;

» Поддршката за членство во ЕУ, првенствено, се заснова на ставови базирани врз очекувањата за идни позитивни импликации врз економската благосостојба во државата;

» Се зголемува улогата на идентитетските и вредносните фактори во обликувањето на евроскептичната енергија во Македонија;

» Спорот со името, сѐ уште, претставува најизразен генератор на евроскептична енергија во државата;

» Меѓутоа, влијанието на спорот околу името, како фактор кој има пресудно

влијание врз поддршката за членство на Македонија во ЕУ - слабее;

» Една третина од популацијата во Македонија би поддржала членство во ЕУ и доколку тоа би било условено со промена на државното име;

» Расте бројот на евроскептични испитаници кои безусловно се противат на влезот на Македонија во ЕУ;

» Расте разликата во поддршката за членството во ЕУ помеѓу етничките Македонци и Албанци, кога тоа е условено со промена на името на државата;

» Мнозинство од симпатизерите на најголемите политички партии во Македонија го поддржуваат членството во ЕУ;

» Поддршката за членство во ЕУ меѓу симпатизерите на ВМРО ДПМНЕ бележи значаен пад во последните 4 години;

» Кај симпатизерите на СДСМ и ДУИ процентот на поддршка на членството во ЕУ е значително повисок од просекот.

# ВОВЕД

Поддршката за членство на Македонија во Европската Унија (ЕУ) и нејзиниот пристапен процес се јавува како предмет на бројни истражувања на јавното мислење. Меѓутоа, најголемиот број на овие истражувања се од ad hoc природа и ретко кога се врамени во долгорочна и конзистентна методолошка рамка. Постои очигледен недостаток на унифицирани бази на податоци кои би понудиле истражувања на јавното мислење кои би ги мереле ставовите на јавноста низ воедначена и опширна методолошка рамка преку повеќегодишни временски периоди. Со цел да се пополни оваа празнина,

Институтот за демократија „Социетас Цивилис"- Скопје и Фондацијата Конрад Аденауер во 2014 година започнаа со воспоставување на долгорочна база на податоци за јавната поддршка на пристапниот процес и членството на Македонија во ЕУ која би се создавала преку годишни истражувања на јавното мислење засновани на кохерентна методологија и мерење на идентични прашања. Оваа база на податоци се сосредоточува на две димензии на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ коишто се адресираат во секое годишно истражување, а чиешто мерење се ефектуира преку користење на идентична батерија на анкетни прашања. Едната димензија се однесува на утврдување на општи трендови на поддршка на членството на Македонија во ЕУ. Втората компонента има за цел да ја следи таквата поддршка преку долгорочна анализа на влијанието на три фактори: рационалистичко-утилитарни, идентитетски и сугестии од политички елити и политички партии. Ваквата акумулација на споредливи податоци го отвора патот за воспоставување на посериозни лонгитудинални анализи на поддршката за членството на Македонија во ЕУ. Притоа, како надополнување на овој унифициран дизајн, секое годишно истражување ќе го испитува и јавното мислење за интеграцискиот процес и низ призма на актуелни теми, специфични за конкретни временски периоди.

Појдовна точка на ваквиот пристап се наодите на монографијата „Јавното мислење и македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2004-2014)"[1], објавена во 2014 година, која воедно ги вклучува

1 Дамјановски, Иван. „Јавното мислење и македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2004-2014)", Фондација Конрад Аденауер/ Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје, 2014

и податоците од истражувањето на јавно мислење спроведено во 2014 година, а кое претставува референтна методолошка точка за подоцнежните унифицирани истражувања. Оваа опсежна студија оствари две цели. Прво, утврди општи трендови на поддршка на членството на Македонија во Европската Унија кои укажуваат на корелација помеѓу динамиката на поддршката за членство во Европската Унија и развојот на македонскиот процес на пристапување кон ЕУ манифестирана во два временски периоди: 2004-2009 како период на конзистентна и исклучително висока поддршка и 2010 - 2014 како период на постепен пад на поддршката. Второ, студијата воспостави модел на анализирање на детерминантите на поддршката за членство преку соодносот на три фактори на креирање на јавни ставови: рационално-утилитарни, идентитетски и сугестивно влијание на политичките елити.[2] Рационално утилитарната рамка ја претпоставува важноста на калкулацијата на материјални придобивки како главен двигател на ставовите на поединците за поддршка или противење на процесот на европска интеграција. Во овој контекст, поддршката може да се заснова на моментални или идни перцепции околу личната или општествената корист од пристапувањето кон Европската Унија. Од друга страна, поддршката на процесот на европска интеграција може да биде резултат и на влијанието на идентитетски и вредносни фактори кои го обликуваат светогледот на поединецот преку кој тој/таа ги формира своите ставови. Притоа, степенот на национална самоидентификација и чувството за културолошка закана се манифестираат како примарни фактори за варијација во ставовите. Финално, формирањето на јавните ставови околу членството во

2 За поопширна теоретска експликација на моделот види: Ибид, стр. 13-24

Европската Унија може да биде и резултат на влијание на политичките партии кои се способни своите ставови околу одредени важни општествени прашања да ги наметнат на своите симпатизери. Оттука, се претпоставува дека разликите во ставовите околу процесот на европска интеграција зависат од воедначеноста на ставовите на политичките партии околу ова прашање.

# ЗА АНКЕТАТА

Оваа анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување во Европската Унија спроведена во 2017 година се надоврзува на истражувањата спроведени во 2014 и 2016 година. Таа го користи горенаведениот теоретско - аналитички модел на утврдување на детерминантите на поддршка на членството на Македонија во Европската Унија, а истовремено своите емпириски наоди ги споредува со наодите од истражувањата од 2014 и 2016 год.

Примарните податоци кои се користени во оваа анализа произлегуваат од телефонското анкетно истражување на јавното мислење спроведено во текот на месец ноември, 2017 година на примерок од 1100 испитаници. Примерокот е национално репрезентативен според пол, возраст (над 18 години), етничка припадност и исто така, има репрезентативна покриеност на испитаници од сите шест изборни единици во земјата. Резултатите се претставени во проценти и се предмет на грешка од ±3%.

Ова истражување користи иста методологија и прашалник

со анкетните истражувања спроведени во 2014 и 2016 год. На овој начин се создаваат услови за мини лонгитудинална анализа на поддршката на македонското пристапување кон Европската Унија во последните четири години. Оттука, во согласност со претходно воспоставениот аналитички модел, оваа студија се фокусира врз анализирање на општите трендови и на основните детерминанти на поддршка на членството на Македонија во Европската Унија во периодот 2014-2017 год.

## ОПШТИ ТРЕНДОВИ

Повеќегодишните анализи на јавното мислење околу поддршката за членство на Македонија во ЕУ во последните 15 години, укажуваат на силна поврзаност помеѓу степенот на поддршка со кредибилитетот на перспективите за членство. Кредибилноста на пристапниот процес во определени временски интервали се јавува како веродостоен предвидувач на јавната поддршка за членство во ЕУ. Оттука, најголемата поддршка за членство во ЕУ се јавува во периодот од 2004 до 2009 година, кога Македонија ја зајакнува својата позиција во пристапниот процес преку добивање на кандидатскиот стаус и препораката за почнување на преговори за членство. Долгогодишната стагнација во пристапниот процес соодвествува со постепен пад на поддршката за членство после 2009 год. Овој надолен тренд продолжува да се манифестира и во 2017 година (табела 1). Така, поддршката за членство во ЕУ во ноември 2017 година изнесува 73% што е за 4 процентни поени помалку од претходната година и за 7 процентни поени помалку од 2014 година.

Со оглед на тоа што бројот на противници на членството се нема променето во периодот помеѓу последните две истражувања, падот се манифестира преку зголемување на бројот на испитаници кои се неодлучни.

Во еден поширок контекст, поддршката за членство е, сѐ уште, висока и релативно отпорна на негативните ефекти на долгогодишната криза во државата. Од друга страна, позитивните сигнали во втората половина од 2017та година, манифестирани преку политичката стабилизација во државата и зајакнатиот интерес за интензивирање на пристапниот процес во регионот од страна на ЕУ, очигледно немаат краткорочен превентивен ефект врз јавното мислење во Македонија и не успеваат да го спречат падот во поддршката.

*Табела 1*[3]

| Ако следната недела се одржи референдум за влез на Република Македонија во ЕУ, како би гласале вие? | | 2014 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | % | % | % |
| | За | 80 | 77 | 73 |
| | Против | 14 | 17 | 17 |
| | Не знам | 6 | 4 | 8 |
| | Нема да гласам | 1 | 2 | 1 |

3 Поради заокружување на децималите, вкупниот збир може да не изнесува 100% (оваа забелешка се однесува на сите табели).

Во демографски контекст, трендот на растечки расцепи во поддршката помеѓу етничките Македонци и Албанци, утврден во минатите истражувања, се манифестира и во 2017. Така, споредено со 2016 година, воочлив е пад на поддршката кај етничките Македонци од 6 процентни поени, при што во 2017 година 68% од оваа популација го поддржува членството на Македонија во ЕУ. Кај етничките Албанци, процентот на поддршка останува енормно висок и се приближува кон прагот од 90%.

Кога станува збор за личната перспектива околу важноста на влезот на Македонија во ЕУ, таа продолжува да генерира изразена позитивна одреденост (табела 2). Процентот на испитаници кои придаваат голема важност на членството во ЕУ е во пораст од 6 процентни поени споредено со трендот од претходните 4 години. Збирниот процент на позитивни перцепции на испитаниците кои сметаат дека влегувањето во ЕУ е „многу важно" и „до некаде важно" изнесува 74% и е во потполност конзистентен со генералната поддршка за членство. Меѓутоа, во споредба со претходните години, важноста која се придава на пристапувањето кон ЕУ бележи пад од 10 процентни поени во збирниот процент на позитивни одговори околу важноста на членството во ЕУ.

*Табела 2*

| Колку за Вас лично е важно Македонија да влезе во Европската Унија? | | 2014 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | % | % | % |
| | Многу важно | 48 | 48 | 54 |
| | До некаде важно | 36 | 29 | 20 |
| | До некаде неважно | 5 | 5 | 6 |
| | Воопшто не е важно | 10 | 16 | 18 |
| | Не знам | 1 | 1 | 1,5 |
| | Нема одговор / Одбива да одговори | 0 | 0 | |

Перцепциите околу подготвеноста за членство на Македонија во ЕУ укажуваат на јасна поларизација на јавното мислење по ова прашање. Резултатите од истражувањето спроведено во 2017 година воспоставуваат слична динамика на дистрибуцијата на перцепции со 2016 година (табела 3). Така, наспроти половината од испитаниците кои сметаат дека Македонија не е спремна за членство во ЕУ, 46% сметаат дека Македонија е спремна за влез. Притоа, ваквата дистрибуција на одговори се провлекува низ сите демографски категории.

*Табела 3*

| Дали сметате дека Македонија е подготвена за членство во ЕУ? | | 2014 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | % | % | % |
| | Да | 51 | 45 | 46 |
| | Не | 42 | 49 | 43 |
| | Не знам | 7 | 6 | 9 |
| | Нема одговор / Одбива да одговори | 1 | 0 | 1 |

Разрешувањето на политичката криза и декларираната приоритетност на евроинтеграцискиот процес во владината политика во 2017 година имаат минимално позитивно влијание врз перцепциите околу напредокот во пристапниот процес. Така, низ сите варијабли се бележи благ пораст на ентузијазмот околу напредокот на Македонија во евроинтегративниот процес во споредба со претходната година (табела 4). Кумулативниот процент на перцепциите кои бележат напредок во однос на изминатата година во 2017 година изнесува 44% што е за 5 процентни поени повисока стапка од 2016 год. Од друга страна, сѐ уште мнозинство од популацијата смета дека Македонија бележи минимален или никаков напредок.

*Табела 4*

| Во однос на изминатата година колку сметате дека Македонија напреднала во процесот на европска интеграција? | | 2014 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | % | % | % |
| | Многу напреднала | 14 | 11 | 13 |
| | Донекаде напреднала | 33 | 28 | 31 |
| | Малку напреднала | 20 | 20 | 20 |
| | Воопшто немало напредок | 26 | 30 | 27 |
| | Се случило назадување | 5 | 7 | 2 |
| | Не знам | 2 | 3 | 7 |
| | Нема одговор / Одбива да одговори | 0 | 1 | 1 |

Позабележителни отстапувања во дистрибуцијата на ставови во однос на двете претходни истражувања се детектираат кај перцепциите околу главните причини поради кои Македонија не е членка на ЕУ. Резултатите од 2017 година укажуваат на сериозна промена на перцепцијата околу улогата на надворешно политичките фактори врз евроинтеграциските перспективи на Македонија (табела 5). Доколку во минатите истражувања билатералните проблеми со соседите и нивната улога на вето играчи во пристапниот процес биле перцепирани како најважната причина, во 2017 таа варијабла се изедначува со неостварувањето на домашните реформи. И покрај високиот процент на поддршка за таквото мислење, сепак во временскиот период од 2014 до 2017 година бележи пад од 22 процентни поени. Од друга страна, бројот на испитаници кои ја обвинуваат неподготвеноста на ЕУ како целина да ја прифати Македонија за своја членка расте од 7% во 2014 на 16% во 2017 год. Ова имплицира дека мнозинство од граѓаните во Македонија, неуспехот да се

влезе во ЕУ повеќе го асоцираат со негативно влијание на екстерни фактори, отколку недостаток на реформи во домашната политичка арена.

Во демографската анализа на податоците се детектира една отстапка од стандардната дистрибуција на одговори и тоа во категоријата на етничка припадност. Половина од етничките Албанци во Македонија сметаат дека неостварувањето на домашните реформи е најважниот фактор за не-членството во ЕУ.

*Табела 5*

| Според Вас, која е главната причина што Македонија се уште не е дел од ЕУ? | | 2014 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | % | % | % |
| | Неостварување на домашните реформи | 29 | 39 | 37 |
| | Неподготвеноста на ЕУ да ја прифати Македонија како своја членка | 7 | 10 | 16 |
| | Соседните држави го попречуваат влезот на Македонија во ЕУ | 59 | 47 | 37 |
| | Не знам | 4 | 4 | 7 |
| | Нема одговор / Одбива да одговори | 1 | 1 | 2 |

Промени во изминатата година можат да се забележат и кај перцепциите околу очекувањата за временската рамка за влез на Македонија во ЕУ (табела 6). Така, бројот на испитаници кои очекуваат влез на Македонија во ЕУ во наредните три години бележи раст од 13 процентни поени во однос на 2014 год. Процентот на испитаници кои

сметаат дека Македонија ќе влезе во ЕУ во наредните 10 години е во опаѓачки тренд, а процентот на испитаници кои сметаат дека Македонија би влегла во ЕУ во наредните 5 години не е променет во изминатата година. Од друга страна, релативно голем дел од популацијата (20%) останува песимистичен и смета дека Македонија никогаш нема да влезе во ЕУ.

Во крајна линија, ваквите ставови ја потврдуваат аргументацијата околу високиот степен на неинформираност на јавноста околу спецификите на пристапниот процес и политиката на проширување на ЕУ. Доколку се има предвид претходното искуство со времетраењето на пристапниот процес до евентуално членство во ЕУ, пораките коишто доаѓаат од самата ЕУ, како и динамиката на пристапувањето на земјите кандидати од Западниот Балкан, рамката од 3 до 5 години, која е перцепирана од мнозинството испитаници, е практично невозможно да се оствари.

*Табела 6*

| Кога сметате дека Македонија ќе стане членка на ЕУ? | | 2014 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | % | % | % |
| | Во наредните 3 години | 14 | 18 | 27 |
| | Во наредните 5 години | 18 | 22 | 22 |
| | Во наредните 10 години | 21 | 18 | 12 |
| | Во наредните 20 години | 12 | 7 | 7 |
| | Никогаш | 23 | 25 | 20 |
| | Не знам/нема одговор | 11 | 10 | 11 |

# ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПОДДРШКАТА НА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

## Рационалистичко утилитарни фактори

Доминантната позиција на рационалистичко утилитарните фактори врз формирањето на ставовите околу поддршката за членство на Македонија во ЕУ се потврдува и со последното истражување на јавното мислење од 2017 год. Притоа, економските очекувања на испитаниците, уште повеќе, ја зајакнуваат улогата на клучни предвидувачи на јавната поддршка за членство на Македонија во ЕУ. Примарен фактор кој стои зад оваа поддршка се очекувањата за унапредувањето на животниот стандард како придобивка од процесот на европска интеграција (табела 7). Ова прашање бележи нагорен тренд во последните 4 години, со тоа што во 2017 година половина од поддржувачите на членството во ЕУ го засноваат својот став врз очекувањата дека членството во ЕУ ќе донесе унапредување на животниот стандард. Во споредба со 2014 година можеме да забележиме сериозен раст од преку 20 процентни поени. Економската димензија на јавното мислење за пристапниот процес ја потврдува и втората најважна причина за поддршката за членство во ЕУ, т.е. намалувањето на вработеноста, која за 23% од популацијата е примарен стимул за изразената поддршка. Финално, најважниот аргумент кој ја потврдува претпоставката за влијанието на економските параметри врз позитивното јавно мислење околу членството во ЕУ произлегува од збирниот процент на економските

варијабли. Доколку на варијаблите „унапредување на животниот стандард“ и „намалување на невработеноста“ им се додаде варијаблата „мобилност на работници/полесен пристап до работа во странство“, тогаш кумулативниот процент се ближи до прагот од 80%. Во контраст на овој параметар, политичко-идентитетските (унапредување на демократијата/припадност кон „европското семејство на држави“) и безбедностите аргументи (поголема сигурност и стабилност на државата) имаат многу помало влијание.

*Табела 7*

| Која е причината за вашиот глас за? | | 2014 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | % | % | % |
| | Унапредување на животниот стандард | 29 | 46 | 51 |
| | Намалување на невработеноста | 26 | 17 | 23 |
| | Унапредување на демократијата | 10 | 5 | 7 |
| | Мобилност на работници/полесен пристап до работа во странство | 3 | 10 | 5 |
| | Припадност кон „европското семејство на држави“ | 2 | 5 | 2 |
| | Поголема сигурност и стабилност на државата | 27 | 16 | 12 |
| | Не знам/нема одговор | 2 | 1 | 1 |

Слични аргументи можат да се изведат и од анализата на перцепциите за областите од општествениот живот врз кои членството во ЕУ би имало најпозитивно влијание (табела 8). Временскиот преглед на дистрибуцијата на ставови укажува на минимални промени во трендовите низ сите мерени варијабли. Развојот на економијата (25%) и намалувањето на невработеноста (21%) продолжуваат да

бидат перцепирани како двете најизразени области за кои се очекуваат позитивни долгорочни ефекти од членството во ЕУ. Кога на овие вредности ќе се додадат и одговорите „подобрување на инфраструктурата“ и „квалитетот на животот во целина“, повторно се доаѓа до заклучокот околу важноста на материјалните наспроти идеолошките и безбедносните фактори во процесите на формирање на ставови околу влијанието на евентуалното членство на Македонија во ЕУ.

*Табела 8*

| На која област најпозитивно ќе влијае членството на Македонија во ЕУ? | | 2014 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | % | % | % |
| | Развој на економијата | 23 | 25 | 25 |
| | Стабилност | 13 | 15 | 15 |
| | Намалување на невработеност | 23 | 18 | 21 |
| | Човекови права и слободи | 12 | 9 | 12 |
| | Подобрување на инфраструктурата | 6 | 5 | 5 |
| | Квалитетот на живот во целина | 16 | 18 | 11 |
| | Зајакнување на националниот идентитет | 3 | 4 | 4 |
| | Друго | 1 | 3 | 2 |
| | Не знам | 3 | 3 | 6 |

Позначителни поместувања во структурата на јавното мислење околу членството во ЕУ се детектираат кај евроскептичните ставови. Анализата на чинителите кои ги формираат ставовите против членството во ЕУ укажува на раст на влијанието на идентитетските фактори на сметка на материјалните фактори (табела 9). И покрај тоа

што рационалистичко утилитарните фактори, сè уште, имаат голема улога во определбата на испитаниците, тие бележат значителен пад во споредба со 2016 год. Така, збирниот процент од двете економски варијабли, „влошување на животниот стандард“ и „загрозување на македонската економија“, во 2017 година изнесува 37% што е за 16 процентни поени помалку од 2016 год. Притоа, оваа анализа укажува на потенцијална реакција на јавното мислење на динамиката на процесот околу спорот со името, дотолку што идентитетските вредности за настојувањата за промена на уставното име и губењето на националниот идентитет како основни причини за изразениот евроскептицизам предизвикуваат растечки трендови во однос на претходните две истражувања во 2014 и 2016 год.

*Табела 9*

| Која е причината за вашиот глас против? | | 2014 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | % | % | % |
| | Влошување на животниот стандард | 33 | 37 | 26 |
| | Загрозување на македонската економија | 13 | 16 | 11 |
| | Настојувањата за промена на уставното име на државата | 11 | 7 | 16 |
| | Губење на националниот идентитет | 13 | 10 | 17 |
| | Ќе станеме премногу зависни од Брисел | 11 | 6 | 7 |
| | Губење на суверенитетот и независноста на државата | 7 | 5 | 8 |
| | ЕУ не не сака | 6 | 12 | 10 |
| | Не знам/нема одговор | 6 | 8 | 4 |

Финално, демаграфската анализа на поддршката за членство во ЕУ покажува дека позицијата на испитаниците во општеството (ниво на образование, богатство) не игра значителна улога во дистрибуцијата на ставовите, дотолку што таа е релативно рамномерна низ сите демографски категории. Процесот на пристапување, сѐ уште, не влегува во фаза каде би генерирал добитници и губитници од пристапниот процес. Следствено, поддршката за членство во ЕУ првенствено се заснова на ставови базирани врз очекувањата за идни позитивни импликации врз економската благосостојба во државата, а не се манифестира како резултат на лично искуство со материјалните ефекти од пристапниот процес.

## Идентитетски и вредносни фактори

Анализата на јавното мислење околу пристапниот процес и членството на Македонија во ЕУ укажува на комбинирано влијание на материјални и идентитетски фактори врз динамиката на поддршката за членство во ЕУ. Таа ја потврдува доминантната позиција на материјалните фактори врз формирањето на ставови за поддршката на членството на Македонија во ЕУ, но истовремено ја потенцира и улогата на идентитетските и вредносните фактори во детерминирањето на евроскептичната енергија во земјата и соодветниот долгогодишен пад во поддршката за членство. Оваа линија на аргументација се потврдува и преку податоците од истражувањето на јавното мислење од 2017 година, но истовремено тие посочуваат и на неколку индикативни отстапувања од претходно утврдените трендови на поддршка.

Македонскиот случај претставува јасен пример на ексклузивна национална самоидентификација. Доминантен дел од популацијата во Македонија уважува само една линија на себеидентификација која се базира на етно-национална припадност (табела 10). Оваа карактеристика уште повеќе се зацврстува доколку се земат предвид и податоците од последното истражување на јавното мислење. Така, 77% од испитаниците преферираат само една линија на етно-национална идентификација. Притоа, овој сентимент се зајакнува во последната година пресликан преку растот од 7 процентни поени на оваа категорија на испитаници во споредба со 2016 год.

Оваа промена се одразува и врз процентот на испитаници кои имаат двоен идентитет, а кои предност му даваат на етно-националниот наспроти европскиот идентитет кој се третира како секундарен. Во 2017 година 15% од популацијата се идентификуваат како припадници на една од етничките групи во земјата, но и како европејци, што воедно претставува и пад од 5 процентни поени споредено со ставовите во претходните три години. Се забележува и пад кај една од двете категории на евроцентрични одговори, т.е. идентификацијата со европскиот идентитет како примарен, а етничкиот како секундарен. Себеидентификацијата со европскиот идентитет останува статистички безначајна.

Ваквата дистрибуција на ставови нема големо влијание врз структурата на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ. Анализата на вкрстените податоци од истражувањето покажува дека над 70% од поддршката за членство доаѓа од испитаници кои декларираат ексклузивен етнонационален идентитет.

Очекувано, оваа поддршка расте во случаите каде имаме испитаници со двоен идентитет. Притоа, оваа дистрибуција на ставови е конзистентна низ 4 годишниот временски период на опсервација. Во крајна линија, овие податоци ги потврдуваат наодите од претходните истражувања кои укажуваат дека доминантната позиција на ексклузивна идентитетска афилијација не се јавува како важен генератор на евроскептична енергија во државата, дотолку што (и покрај растот на таквите убедувања) релативно мал дел од попуацијата (17%) го перцепира процесот на европска интеграција како закана за националниот идентитет (види табела 9).

*Табела 10*

| Пред се, дали се чувствувате како? | | 2014 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | % | % | % |
| | само македонец / албанец / друг | 69 | 70 | 77 |
| | македонец/албанец/друг и европеец | 20 | 20 | 15 |
| | европјанин и македонец/албанец/друг | 6 | 7 | 3 |
| | само европјанин | 3 | 3 | 3 |
| | Не знам | 2 | 1 | 2 |

Од друга страна, идентитетските импликации кои произлегуваат од спорот со Грција околу употребата на името Македонија, се наметнуваат како главна причина за падот на поддршката за членство во ЕУ во изминатите 10 години. Овој постепен пад коинцидира со наметнувањето на решавањето на спорот околу името како главен услов за прогрес во македонскиот процес на пристапување кон ЕУ. Оваа блокада на интеграциските процеси во Македонија предизвика сериозни промени на општествената кохезија и продолжува да ги продлабочува етничките расцепи во

земјата. Анализата на јавното мислење по ова прашање укажува дека спорот со името предизвикува изразени поделби во поддршката за членство во ЕУ (табела 11). Така, само една третина од популацијата во Македонија би поддржала членство во ЕУ и доколку тоа би било условено со промена на државното име. Од друга страна, дополнителни 45% од популацијата го поддржуваат членството во ЕУ, но само под уставното име на Македонија. Следствено, доколку хипотетички се отстрани спорот со името, тогаш збирниот процент на популацијата, која го поддржува членството на Македонија во ЕУ, се доближува до прагот од 80%. 15% од популацијата е сочинет од евроскептични испитаници кои безусловно се противат на членството во ЕУ.

Меѓутоа, споредбената анализа на јавното мислење во периодот 2014-2017 година укажува на нерамномерни трендови во поддршката за членство низ овие варијабли. Тие имплицитно посочуваат кон потенцијално слабеење на спорот околу името како фактор кој има пресудно влијание врз поддршката за членство на Македонија во ЕУ. Така, бројот на испитаници кои го поддржуваат членството во ЕУ и доколку тоа би било условено со промена на државното име значително е пораснат во 2017 година во однос на 2016 (за 11 процентни поени). Во иста насока, споредбената анализа детектира пад од 21 процентни поени на оние испитаници кои го поддржуваат членството во ЕУ само доколку тоа се оствари под уставното име. Од друга страна, расте бројот на евроскептични испитаници кои безусловно се противат на влезот на Македонија во ЕУ.

Во овој контекст, забележителни промени во дистрибуцијата на ставови се детектираат и кај двете

најголеми етнички заедници во Македонија. Процентот на етничките Македонци кои го поддржуваат членството во ЕУ и доколку влезот во ЕУ е условен со промена на државното име бележи раст од 6 процентни поени, така што сега близу 20% од етничките Македонци би подржале влез во ЕУ и по цена на промена на името. Аналогно на ова, се менува и композицијата на ставовите кај етничките Македонци кои би подржале членство во ЕУ само под уставното име на државата. Овој процент бележи значителен пад од 18 процентни поени, па сега со овој став се сложуваат 45% од етничките Македонци. Паралелно на оваа динамика, растот на бројот на евроскептични испитаници кои безусловно се противат на влезот на Македонија во ЕУ првенствено произлегува од перцепциите на етничките Македонци.

Меѓутоа, овие промени не предизвикуваат намалување на етничкиот расцеп кој подолг период го дефинира јавното мислење околу процесот на пристапување на Македонија во ЕУ. Напротив, етничкиот јаз дополнително се профилира поради промена на дистрибуцијата на ставови кај етничките Албанци во Македонија. Така, бројот на испитаниците од албанската етничка група кои му даваат приоритет на членството во ЕУ во однос на спорот околу името е значително зголемен и во 2017 година допира до прагот од 80%. Истовремено, процентот на Албанци кои поддржуваат членство на Македонија во ЕУ само под уставното име е паднат од 36% во 2016, на само 9% во 2017 год.

*Табела 11*

| Дали сакате/поддржувате Македонија да стане членка на Европската Унија? | 2014 | | | 2016 | | | 2017 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | општи резултати | етнички Македонци | етнички Албанци | општи резултати | етнички Македонци | етнички Албанци | Општи резултати | Етнички Македонци | Етнички Албанци |
| Да, дури и доколку влезот во ЕУ е условен со промена на државното име | 26 | 15 | 61 | 22 | 13 | 55 | 33 | 19 | 80 |
| Да, но без отстапки за името на државата. | 63 | 74 | 28 | 66 | 74 | 36 | 45 | 56 | 9 |
| Не | 6 | 7 | 2 | 9 | 10 | 5 | 15 | 18 | 5 |
| Не знам | 4 | 3 | 8 | 3 | 2 | 4 | 6 | 6 | 5 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | 1 | 1 | | 1 | 1 | | 1 | | |

## Сугестии од политички партии

Една од најважните цели на овој проект на следење на јавното мислење околу македонскиот процес на европска интеграција е да воспостави основна рамка на истражување на влијанието на сугестиите од политичките партии врз формирањето на ставовите на нивните симпатизери околу ова прашање. Таа тргнува од претпоставката дека политичките партии преку своите јавни ставови и политички приоритети, посредно влијаат врз формацијата на ставовите на оние испитаници кои се нивни членови

или симпатизери.

Прелиминарните наоди на оваа анализа укажуваат на определено влијание на сугестиите од политичките партии врз општата динамика на јавното мислење за членството на Македонија во ЕУ, релативно високата поддршка, но и постепениот пад на таа поддршка. Од една страна, генералниот консензус во партискиот систем околу приоритетноста на пристапниот процес во македонската политика и недостатокот на релевантни отворено евроскептични партии се чини дека успешно го амортизира негативниот ефект од блокадата на пристапниот процес и сѐ уште ја одржува поддршката за членство на релативно високо ниво. Така, низ сите категории на политичка афилијација, мнозинство од испитаниците го поддржуваат членството на Македонија во ЕУ. Од друга страна, може да се претпостави дека често спротивставените ставови на најголемите политички партии во Македонија околу реализацијата на овие приоритети, решавањето на спорот за името и нивниот однос со претставниците на Европската Унија имаат влијание врз ставовите на нивните членови и симпатизери околу пристапувањето кон ЕУ. Во овој контекст, повремените конфронтации на ВМРО ДПМНЕ со претставниците на ЕУ во текот на политичката криза, како и резистентноста на оваа партија кон некои барања на ЕУ во тој период, би требало да резултираат со намалена поддршка за членството на Македонија во ЕУ кај нејзините симпатизери.

Споредбената анализа на поддршката за членство на Македонија во 2014 и 2017 година низ призма на политичка блискост донекаде ја потврдува оваа теза (табела 12). Поддршката за членство во ЕУ меѓу симпатизерите на

ВМРО ДПМНЕ бележи значаен опаѓачки тренд во рамките на набљудуваниот период од 4 години. Во последното истражување, 60% од оние испитаници кои би гласале за ВМРО ДПМНЕ на евентуални избори, го подржуваат членството на Македонија во ЕУ, додека една третина се противат на таквиот исход. Споредени со резултатите од 2014 година, овие бројки претставуваат пад од 17 процентни поени  во однос на подршката за членство и раст од скоро 50 процентни поени на евроскептичните ставови кај оваа популација (од 16% во 2014 на 31% во 2017 година). Значаен пад од околу 10 процентни поени на поддршката за членство може да се забележи и кај оние испитаници кои не поддржуваат ниту една партија, но и кај неопределените испитаници. Од друга страна, симпатизерите на двата поизразени подржувачи на улогата на ЕУ во Македонија, СДСМ и ДУИ, се конзистентни во набљудуваниот период. И во двата случаи процентот на поддршка на членството во ЕУ е значително повисок од просекот од 73%.

*Табела 12*

| Ако следната недела се одржи референдум за влез на Република Македонија во ЕУ, како би гласале вие? (2014) | 2014 | | | | | 2017 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВМРО - ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Ниту една | Неопределени | ВМРО - ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Ниту една | Неопределени |
| За | 77% | 86% | 94% | 69% | 80% | 60% | 83% | 90% | 60% | 70% |
| Против | 16 % | 12% | 4% | 21% | 10% | 31% | 10% | 7% | 26% | 17% |
| Не знам | 7% | 2% | 0% | 8% | 9% | 8% | 6% | 3% | 9% | 12% |
| Нема да гласам | 1% | 0% | 2% | 2% | 1% | 1% | 0% | 0% | 6% | 1% |

Слична динамика се забележува и во случаите кога поддршката за членство во ЕУ е детерминирана од спорот за името (табела 13). Во споредба со симпатизерите на другите партии, симпатизерите на ВМРО ДПМНЕ се посензитивни на импликациите кои произлегуваат од спорот со името. И покрај благиот раст на процентот на симпатизери на ВМРО ДПМНЕ кои подржуваат членство во ЕУ и доколку тоа е условено со промена на државното име, овој процент на испитаници (12%) е значително понизок од процентот на симпатизери на СДСМ (35%) и ДУИ (84%) кои подржуваат членство во ЕУ и по цена на промена на името.

Поголема промена на расположението кај симпатизерите на ВМРО ДПМНЕ е воочлива кај наредните две варијабли. Споредбената анализа на истражувањата од 2014 и 2017 година покажува дека процентот на симпатизери на ВМРО

ДПМНЕ, кои поддржуваат влез на Македонија во ЕУ без отстапки за името, бележи значаен пад од 23 процентни поени. Истовремено, третина од симпатизерите на ВМРО ДПМНЕ се противат на членството во ЕУ, што пак претставува раст од 20 процентни поени споредено со податоците од 2014.

Истовремено, значителни промени во дистрибуцијата на ставови се воочуваат и кај останатите категории на испитаници, со исклучок на симпатизерите на СДСМ каде во последните 4 години се детектираат релативно конзистентни ставови. Од една страна, кај оние испитаници кои воопшто не гласаат на избори се детектира значителен раст на евроскептична енергија. Од друга страна, кај неопределените гласачи се јавува зголемување од 21 процентни поени на испитаниците кои би подржале влез на Македонија во ЕУ и доколку тој влез биде условен со промена на државното име.

*Табела 13*

| Дали сакате/поддржувате Македонија да стане членка на Европската Унија? (2014) | 2014 | | | | | 2017 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВМРО - ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Ниту една | Неопределени | ВМРО - ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Ниту една | Неопределени |
| Да, дури и доколку влезот во ЕУ е условен со промена на државното име | 10% | 39% | 76% | 43% | 16% | 12% | 35% | 84% | 25% | 37% |
| Да, но без отстапки за името на државата | 83% | 59% | 22% | 45% | 79% | 60% | 58% | 10% | 43% | 51% |
| Не | 7% | 2% | 2% | 11% | 5% | 28% | 8% | 6% | 32% | 13% |